РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5080/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

1. Даниел Стојчевски
2. Весна Бендевска ВБ
3. Павле Арсоски
4. Даниела Бенковска
5. Бобан Коросторовски

Бојан Стојаноски

Игор Здравковски

Билјана Кузманоска

Александар Јанаков

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ,

по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24) се уредува обврската за обезбедување високо ниво на безбедност на снабдувањето со сурова нафта и нафтени деривати преку формирање, чување и одржување на задолжителни нафтени резерви, како и основањето и надлежностите на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Со Законот е утврдено дека Агенцијата за задолжителни нафтени резерви е самостојно, независно и непрофитно правно лице кое извршува работи од јавен интерес и е централно тело за чување на задолжителни резерви. Со работата на Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Во Законот се уредени условите за именување на директорот, постапката за објавување јавен оглас и основите за разрешување на директорот.

Заради усогласување на Законот за високи раководители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/26), потребно е да се изврши изменување на одредбите од Законот за задолжителни нафтени резерви во делот на условите, постапката за именување и престанок на мандатот и разрешување пред истек на мандатот на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот се врши усогласување на Законот за задолжителни нафтени резерви со Законот за високи раководители, во делот на именувањето, условите, престанокот и разрешувањето на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

**III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведување на Предлог на законот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), во член 25 ставот (2) се менува и гласи:

„За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување на директор утврдени со Законот за високи раководители, освен условот за стекнато работно искуство за кој лицето треба да има најмалку седум години работно искуство, од кои пет години раководно искуство во јавниот или приватниот сектор, односно искуство со раководење и управување со проекти од областа на енергетиката, соодветна на делокругот на работата или надлежноста на Фондот, стекнато по завршувањето на високото образование. “.

Ставот (3) се менува и гласи:

„За именување на директор се спроведува постапка за именување согласно со Законот за високи раководители.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„ На директорот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Членот 53 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од предложениот Закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви се врши усогласување на членот 25 со одредбите од Законот за високи раководители, кој ќе отпочне со примена од 1 октомври 2026 година. Со членот се уредува дека за директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители и посебниот услов за стекнато работно искуство.

Со членот 2 се брише членот 53, кој ја уредува одложената примена на условот за познавање странски јазик, имајќи предвид дека ова прашање се усогласува со Законот за високи раководители.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила и започнувањето со примена на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања на Законот за задолжителни нафтени резерви ќе се усогласат постојните одредби од Законот соодредбите од Законот за високи раководители, со што ќе се избегне колизија меѓу законските одредби и ќе се обезбеди единствен пристап при исполнувањето на условите и постапката за именување, престанокот и разрешување на функцијата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

## Директор на Агенцијата за задолжителни резерви

### Член 25

(1) Со работата на Агенцијата за задолжителни резерви раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,
- да има најмалку седум години работен стаж по дипломирањето, од кои пет години на раководна функција во областа на енергетиката,
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) со најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и
- поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(3) Директорот се именува по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Директорот за работата на Агенцијата за нафтени резерви доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната година, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

(5) Директорот се разрешува:

1.ако тоа самиот го побара;

2.во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато;

3.ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;

4.ако се утврдат неправилности во неговото материјално-финансиско работење, поради што е нанесена штета на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и

5.поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

### Член 53

Одредбата од членот 25 став (2) алинеја 5 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе отпочнат да се применуваат една година по денот на отпочнување со примената на овој закон.